Врз основа на член 7 став (1) од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" бр.190/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 2 ноември 2021 година, донесе

# ОДЛУКА
# ЗА ВОВЕДУВАЊЕ НА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ СОГЛАСНО РЕГУЛАТИВАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2021/667 НА СОВЕТОТ ОД 23 АПРИЛ 2021 ГОДИНА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЧЛЕН 21 (2) ОД РЕГУЛАТИВАТА (ЕУ) 2016/44 ЗА РЕСТРИКТИВНИ МЕРКИ ВО ОДНОС НА СОСТОЈБАТА ВО ЛИБИЈА

**Член 1**

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/667 на Советот од 23 април 2021 година за спроведување на член 21 (2) од Регулативата (ЕУ) 2016/44 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија.

**Член 2**

Оваа одлука се однесува на следните видови рестриктивни мерки:
- ембарго на оружје;
- ембарго на стоки и услуги;
- финансиски мерки;
- забрана за влез во Република Северна Македонија

**Член 3**

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за одбрана, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање и Министерството за финансии - Царинската управа за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

**Член 4**

Регулативата за спроведување (ЕУ) 2021/667 на Советот од 23 април 2021 година за спроведување на член 21 (2) од Регулативата (ЕУ) 2016/44 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 5**

Рестриктивните мерки во однос на состојбата во Либија се воведуваат на неопределено време.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

**Бр.40-10821/1**
**2 ноември 2021 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Зоран Заев

# РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2021/667 НА СОВЕТОТ

**од 23 април 2021 година**

**за спроведување на член 21(2) од Регулативата (ЕУ) 2016/44 за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулативата 2016/44 на Советот од 18 јануари 2016 година за рестриктивни мерки во однос на состојбата во Либија и за укинување на Регулативата (ЕУ) бр. 204/2011 ([1]), а особено член 21(2) од истата,

имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

со оглед на тоа што:

(1) На 18 јануари 2016 година, Советот ја донесе Регулативата (ЕУ) 2016/44.

(2) Внесот за едно лице треба да се избрише бидејќи е починато.

(3) Затоа, Анекс III кон Регулативата (ЕУ) бр. 2016/44 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Анекс III кон Регулативата (ЕУ) 2016/44 се изменува во согласност со Анексот кон оваа регулатива.

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила на денот по нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската Унија.*

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји членки. Брисел, 23 април 2021 година.

*За Советот*

*Претседател*

А. П. ЗАКАРИЈАС

[1]Сл. весник L 12, 19.1. 2016 година, стр. 1.

# АНЕКС

Во Регулативата (ЕУ) 2016/44, Анекс III (Список на физички и правни лица, субјекти или тела наведени во член 6(2)), Дел А (Лица), внесот 9 (за AL-GAOUD, Abdelmajid) се брише.

II

*(Non-legislative acts)*

# REGULATIONS

## COUNCIL IMPLEMENTING REGULATION (EU) 2021/667

**of 23 April 2021**

**implementing Article 21(2) of Regulation (EU) 2016/44 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya**

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on the Functioning of the European Union,

Having regard to Council Regulation (EU) 2016/44 of 18 January 2016 concerning restrictive measures in view of the situation in Libya and repealing Regulation (EU) No 204/2011 [1], and in particular Article 21(2) thereof,

Having regard to the proposal of the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 18 January 2016, the Council adopted Regulation (EU) 2016/44.

(2) The entry for one person should be deleted as he is deceased.

(3) Annex III to Regulation (EU) 2016/44 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS REGULATION:

*Article 1*

Annex III to Regulation (EU) 2016/44 is amended in accordance with the Annex to this Regulation.

*Article 2*

This Regulation shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

This Regulation shall be binding in its entirety and directly applicable in all Member States.

Done at Brussels, 23 April 2021.

*For the Council*
*The President*
A. P. ZACARIAS

[1] OJ L 12, 19.1.2016, p. 1.

*ANNEX*

In Regulation (EU) 2016/44, Annex III (List of natural and legal persons, entities or bodies referred to in Article 6(2)), Part A (Persons), entry 9 (concerning AL-GAOUD, Abdelmajid) is deleted.